Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 29.01.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 09- | 15/1 | / | — |

29

**Влада на Република Северна Македонија**
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Фондацијата за промовирање на иновативно учење,едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**On line Лего базирана терапија – зрак надеж за иднината**

(Име на проектот)

Скопје, 31. 01. 2021 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-51/1 од 19.6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Фондацијата за промовирање на иновативно учење,едукација и личен развој СТЕМ АКАДЕМИЈА Скопје |
| Наслов на проектот | **On line Лего базирана терапија – зрак надеж за иднината** |
| Период на спроведување на проектот | од 25.06.2020 година до 25.11.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Жарко Поп-Илиев |
| Проектен менаџер | Ангела Зафировска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070328542 zpopiliev@stem-academy.org |
| Цел на проектот | Создавање услови за континуирана on line едукација на деца со високофункционални нарушувања од аутистичниот спектар, потоа на деца со делумно развиен говор, како и тивки, срамежливи деца, деца со ниска самодоверба, но и деца со потешкотии во социјализацијата. Сите деца продолжија да ја посетуваат светски признатата методологија на LEGO® базираната терапија за социјален развој, а паралелно беше обезбедена и когнитивна и бихевралнa подршка на родителите за надминување на моменталната “КОВИД“ психолошка состојба, без при тоа да се загрози здравјето и безбедноста на истите. |
| Целна група | Целната група на овој проект беа деца со високофункционални нарушувања од аутистичниот спектар, деца со делумно развиен говор, потоа тивки, срамежливи деца, деца со ниска самодоверба, но и деца со потешкотии во социјализацијата. Дел од децата беа постојаните членови на СТЕМ Академија, кои веќе ја посетуваа оваа настава во пред КОВИД пандемијата, но во пректот беа вклучени и други деца кои досега немале можност да посетуваат терапија од ваков вид, вклучувајќи ја и помоштa и поддршката на нивните родители за надминување на стресот, анксиозноста, депресијата и стравот од новонастанатата ситуација. |

| | |
|---|---|
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Национално.. локација на едукатори- on line |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 803.250 денари. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | _1.164.437_ ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Терапијата базирана на LEGO® е програма за социјален развој на деца со нарушувања од аутистичниот спектар (пред се високофункционални форми на аутизам со делумно развиен говор), потоа тивки, срамежливи деца, деца со ниска самодоверба, но и деца со потешкотии во социјализацијата. Оваа терапија е колаборативна (терапија на соработка) во која децата преку игра, а со помош на LEGO® специјален програм, работеа заедно на изградба на одредени модели, решавање на одредени проблеми, но и играње на одредени когнитивни игри. Градењето со помош на LEGO® елементи беше поделено на различни, но меѓусебно зависни улоги, така што, вербалната комуникација и соработката меѓу децата беа неопходни за успешно одвивање на активноста. Клучните социјални искуства како што е соработката, заедничкото внимание, заедничкото остварување, поделба на трудот, споделување, turn-taking комуникација, контакт со очи, следење на погледот беа целосно спроведени од страна на лицата обучени за LEGO® терапија, додека децата беа целосно фокусирани на заедничкиот креативен процес и сосема успешно ја реализираа програмата. LEGO® -базираната терапија беше применувана и во индивидуални и во групни тераписки модалитети, а резултатот е подобрување на социјалната компетентност кај овие деца. Беа реализирани и посебни тераписки сесии, наменети само за родителите на овие деца, со што полесно беше надмината целата КОВИД стрес новонастаната ситуација, а нивниот интензитет беше зависен од потребата на интервенција.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1. Промоција на активностите на LEGO® клубот и Центарот за деца со аутизам, промоција на | 1.1 Контактирани родителите сите 25 деца кои веќе ги посетувале часовите во ЛЕГО клубот на СТЕМ Академија, со информција и целосно објаснување на принципот на | Авг-септ | Сите родители се согласија да продолжат со наставната терапија, on line, знаејќи ги |

| | | | |
|---|---|---|---|
| LEGO® базираната терапија, зачленување на децата кои би ја добивале истата. | on line наставата и продолжување на часовите;<br><br>1.2 Контактирани сите партнерски организации од Велика Британија за добивање информации за нови искуства и решенија во on line реализирање на лего базираната терапија, како и за новиот начин на држење на часовите;<br>Постојана и интензивирана соработка со истите и размена на искуства за решавање на новонастанати КОВИД едукативни ситуации, пренесување на информации како едукаторите од Северна Македонија се справуваат со нив.<br><br>1.3 Медиумското преставување на LEGO® базираната терапија и целокупниот проект поддржан од стана на Владата на Република Северна македонија, а организиран од страна на СТЕМ Академија беше реализирано со постојани информации за нашата ФБ страна, информации на нашата инстаграм страна, како и изработка на леток за читливо и реално опипливо информирање на родителите на овие деца.<br><br>1.4 При селекцијата на пријавените деца предност имаа оние деца кои доаѓаат од | <br><br>Јул-септ<br><br>Јул- дек<br><br>Септември | бенефитите и придобивките од неа, а со кои се стекнаа нивните деца во изминатата 2019 година.<br><br>Изнајден најсоодветен начин за изведување на часовите за далечинско учење, со вклучување на најдобрите практики за истото.<br><br>Пуштени платени facebook ад за промоција на активности и постирани 4 објаснувачки постови на ФБ страната на СТЕМ Академија<br><br>Пријавени уште 10 деца кои за прв пат се сретнуваат со овој начин на работа, но и со овој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | социјално ранливи семејства и семејста кои имаат помали месечни приходи или нивните приходи драстично се намалиле заради ситуацијата со коронавирусот (целосно губење на работното место, напауштање на истото заради грижа за детето..). | | вид на терапија. Сите деца и во второто полугодие од оваа учебна година продолжија да ја следат наставата во СТЕМ Акдемија со исто темпо, стипендирани од наша страна. |
| | 1.5 Интензивна соработка со партнерските невладини организации на СТЕМ Академија, пред се со Аутизам.мк. Во одредени ситуации беа контактактирани и релевантни владини институции, за совет и соработка. | јул-дек | Размена на позитивни искуства и резултати од различен вид на терапија и работа со овие деца |
| 2. Прилагодување на програмата за далечинско изведување | 2.1 Сите пишани материјали беа прилагодени во дигитална форма, со формат за работа со деца со атипичен развој, преку анализа и вклучување на светските искуства. | јул-септ | Прилагодени над 200 пишани материјали, дигитална форма, со формат за работа со деца со атипичен развој, преку анализа и вклучување на искуства од партнерските организации, но и пошироко. |
| | 2.2 Сите планови за часови и работните листови беа прилагодени и ажурирани, изработени за далечинска настава; | јул-септ | Сите 40 планови за часови и работните листови прилагодени, ажурирани, и изработени за далечинска настава; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.3 Сите работните листови за домашна работа беа прилогодени on line домашна работа; | јул-септ | Беа изработени 40 работни листови со кои едукаторите ја следат работата децата во домашната средина. |
| | 2.4 Беа набавени и самостојно изработени дидактички средства за изведба на часовите и дистрибуција на истите кај децата кои ја посетуваа програмата; | јул-дек | Набавени селектирани 40 LEGO® сетови. Сетовите се дистрибуирани кај децата и активно се користеа во изведување на наставата. Изработени дополнителни материјали (за мерење на должина, широчина, висина, тенко, дебело, мерни единици за полесно пресметување на математички операции, визуелни картички за развој на говор, картички за мемориско паметење, картички за логички игри... |
| | 2.5 Беа обезбедување на технички услови за изведување на on line програма; | Август | Беа набавени и инсталирани 7 лаптоп компјутери како и прилагодени и администратирани |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.6 Беа набавени 6 лиценци за платформи за on line учење и видео конференција;<br><br>2.7 Беше набавена дополнителна техничка опрема за изведување на наставата; | Септември<br><br>Септември<br><br>Септември | за онлајн настава (прилагодување на cloud сервисите, организација на материјалите и нивна безбедност)<br><br>Беа набавени 6 лиценци за платформи, преку кои се одржуваше on line наставата, вклучително и лиценците за ЗООМ, но и лиценците едукативните платформи за KODABLE и CODERZ програмот.<br><br>Беа набавени микрофони, камери за ефикасно изведување на наставата |
| 3. Изведување на LEGO® базираната терапија on line | 3.1 Беа реализирани над 60 часови со LEGO® базирана терапија, on line. Секој час траеше најмалку 65 минути | Септ-дек. | Децата организирани на групи од 3ца во редовни термини кои беа однапред договорени, ја следеа наставата преку онлајн часови. Беа реализирани над 60 часови со различни едукатори, а понекогаш се работеше и по однапред договрени теми, така што им ја реализиравме |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | желбата и потребата за работа на самите деца. Скоро сите часови беа реализирани и во програмот STUDIO 2.0, кој даде одлични резултати кај овие деца, им отвори нови начини на размислување, решавање на поставени проблеми, а на дел од нив им ја посочи и жебата за идната професионална ореиентација. |
| | 3.2 Беа изведени најмалку 20 сесии со родителите за намалување нивната состојба на анксиозност и страв. | Септ.-дек. | Родителите со голема радост и постепена опуштеност, сватија дека има поинаков начин за работа со нивните деца. Пред се сватија дека и нивните деца можат да научат, но дека патот на учењето кај секој е различен. Дел од децата кои ја посетуваа лего базираната терапија беа вклучени и во редовните часови на СТЕМ Академиај, каде почнаа да покажуваат одлични резултати во полето на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | дизајнирање на модели по зададени задачи. Веќе после првиот месец на далечинско учење, родителите имаа поопуштен став и постојано самостојно прашуваа дали може да имаме што повеќе часови и работа со нивните деца.. |
| | 3.3. Беше изработен, специјално оформен формулар за иницијално интервју со родителите кои изразија интерес за членство на нивното дете во нашиот "ЛЕГО" клуб | Септември | Во текот на проектот беа изведени 20 сесии користејќи (CBT)Когнитивно Бихеворијална Терапија за да се намали стравот и неизвесноста предизвикана од КОВИД-19 и влијанието на Автоматските негативни мисли врз емоциите и однесувањето. |
| | 3.4 Беше изработена чеклиста за забелешка на развојот на социјални вештини на децата кои го посетуваат on line ЛЕГО клубот на СТЕМ Академија | Септ.-дек. | Исто така секој родител мораше да даде информации за момемнталната состојба на своето дете, за одредена терапија доколку детето ја прима, како и информација за изминатиот рехабилатациски период и ефектите од истиот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 3.5 Беше изработена и дополнителна листа за проценка на забележани напредни социјални вештини, како листа за freestyle градење и размислување. | Септ.-дек | Секој едукатор на месечно ниво пополнува специјално изработена чек листа, за секое дете поединечно. Во листата еведентираат резултатите (изразени преку поени од соодветна градуирачка табела) од секој реализиран час, напредокот или евентуалниот регрес на детето, и истата се чува во посебно организирано досие оформено за секој член поединечно.<br><br>За секое дете се води посебна, дополнителна листа, во која се еведентираат резултатите на месечно ниво, која исто така се чува во посебно организирано доесие оформено за секој поединечно. Со оваа листа едукаторите прават споредување, вреднување на постигнатите резултати, но и планирање на идните чекори за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | интервенција кај овие деца. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

На самиот старт од проектот имавме проблем да ги убедиме новите членови да почнат со наставата. Дел од нив се сомневаа дека овие деца воопшто можат да посетуваат ваков тип на часови, дел од нив се сомневаа дека времето од 65 мин е предолго и невозножно за работа, дел од нив немаа материјали, или пак беа технички неподготвени. Тимот на СТЕМ Академија успешно се справи со скептицизмот кај родителите поврзан со онлајн наставата и го намали притисокот за физичко присуство на часовите, а секако во интерес на здравјето на сите жители на Република Северна Македонија.
Голем проблем се појави со тоа што дел од тимот на СТЕМ, повремено беа во самоизолација заради контакт со лица потврдени носители на КОВИД 19, но и некои членови самите беа спречени да изведуваат настава заради заболување он КОВИД 19. Со организација, замена на едукатори и одложување на часови кои подоцна беа надополнети тимот се справуваше успешно со овие предизвици.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Дизајнирана и отпечатена брошура за ЛЕГО Базирана терапија со одреден број на вежби | | 40 | |
| Неколку ад, слики од часовите, постови кои беа пуштени како платени кампањи на Facebook | | | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Проектот продуцира извонредни резултати во услови на пандемија посебно во услови на карантин и ограничено движење. Впечаток на родителите е дека сепак тимот успеал да даде поддршка на нивните деца но и кај нив во услови на голема неизвесност и опасност за нивното здравје. Онлајн наставата покажа дека со добро планирање на часовите, подготвеност на едукаторите за часови, со дополнителните материјали како и соодветна ИТ инфраструктура можат да продуцираат добри резултати кај развојот на децата. Иако скептицизмот беше присутен со правилен пристап и правилна комуникација но и дефинирани правила може да се надмине и пред се да се овозможи децата да ја добијат неопходната поддршка за нивниот развој.
Дел од децата кои ја посетуваа наставата според ЛЕГО базирана терапија беа вклучени и во редовните часови на СТЕМ Академија, каде почнаа да покажуваат одлични

резултати во полето на дизајнирање на модели по зададени задачи, како и намалување на стресот од интеракција со други деца.
СТЕМ Академија во целост ја разбира потребата од ваков клуб за поддршка на децата со атипичен развој, користејќи современи и докажани терапии како што е ЛЕГО базирана терапија, како и проблемите со кои родителите на овие деца се соочуваат.
СТЕМ Академија водејќи се од потребата од континуирано работење со овие деца пред се да не се појави регрес и враќање на првобитната состојба кај децата, активно ги продолжува активностите, и тоа на два начина

1. Стипендирање на овие деца и нивно вклучување во рамките на регуларната настава на СТЕМ Академија
2. Продолжување на активностите на ЛЕГО Клуб от, каде активностите продолжуваат да се изведуваат од страна на едукаторите. Добар дел од овие активности, како и до сега, ќе продолжат да бидат финансирани од ресурсите на СТЕМ Академија. Фондацијата во рамките на својата мисија активно продолжува во изнаоѓање на спонзори и финансиери кои во рамките на нивните програми за корпоративно социјална одговорност можат да помогнат во развојот на децата.

## 7. Резиме на Финансискиот извештај

| **Структура на трошоци** | **Доделени средства (според Договорот)** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| **I. Човечки ресурси** | **521.305** | **701.331** | |
| **II. Оперативни трошоци** | **78.223** | **90.278** | |
| **III. Директни трошоци** | 203.722 | 372.828 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III)** | **803.250** | **1.164.437** | |

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 28. 01. 2024 год.

(Место) (датум)

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

(Потпис)

М.П.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** | | | | | |
| Име на здружението | **СТЕМ АКАДЕМИЈА** | | | | | |
| Наслов на проектот | **On line Лего базирана терапија – зрак надеж за иднината** | | | | | |
| Доделена финансиска поддршка | побарани (892.540) реално добиени (803.250) денари | | | | | |
| Кофинансирање (ако е предвидено) | 1000.000 реално (361.346) | | | | | |
| Вкупен буџет на проектот | предвидени (992.500) реален (1.164.437) | | | | | |
| во денари | Одобрено | Реализирано | | | | |
| Буџетска линија | Вкупно | [redacted] | Остаток | Остаток (%) | Реално потрошени средства од буџет на влада | **Реално Финансирано од СТЕМ Академија** |
| **I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | | |
| Плати и надоместоци | | | | | | |
| Административен координатор tanja | 72,000 | 145,031 | -73,031 | -101% | 72,000 | **73,031** |
| Координатор на проект Angela Zafirovska | 129,000 | 146,895 | -17,895 | -14% | 100,000 | **47,054** |
| Леад Дефектолог-едукатори - Ирена Попчавалиева | 90,000 | 104,950 | -14,950 | -17% | 70,000 | **34,950** |
| Леад Дефектолог-едукатори - Александра Митревска | 90,000 | 65,555 | 24,445 | 27% | 65,555 | |
| Помошни едукатори -Ивана Спасовска | 75,000 | 77,450 | -2,450 | -3% | 65,000 | **12,450** |
| Помошни едукатори Аница Пехчевска Топчиевска | 75,000 | 52,800 | 22,200 | 30% | 52,800 | **0** |
| ЦБТ Коуч Жарко Поп-Илиев | 60,000 | 59,950 | 50 | 0% | 59,950 | **0** |
| ИТ подршка Бранко Поповски | 36,000 | 48,700 | -12,700 | -35% | 36,000 | **12,700** |
| **Вкупно за I** | 627,000 | 701,331 | -74,331 | -11.86% | 521,305 | 180,185 |
| **II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Транспорт | 0 | | 0 | | | |
| | | | 0 | | | |
| Канцелариски трошоци | 90,000 | 76,848 | 13,152 | 15% | 66,223 | 10,625 |
| | | | 0 | | | |
| Услуги | | | 0 | | | |
| | | | 0 | | | |
| Информации и комуникација | 12,000 | 13,430 | -1,430 | -12% | 12,000 | 1,430 |
| | | | 0 | | | |
| | | | 0 | | | |
| Вкупно за II | 102,000 | 90,278 | 11,722 | 11% | 78,223 | 12,055 |
| **III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ** | | | | | | |
| Активност 1.1.1. | | | 0 | | | |
| on line кампањи | 12,000 | 51,353 | -39,353 | -328% | 12,000 | 39,353 |
| Активност 1.2.1. | | | | | | |
| Лиценци | 22,500 | 81,567 | -59,067 | -263% | 8,676 | 72,891 |
| ЛЕГО Коцки | 120,000 | 120,166 | -166 | | 75,000 | 45,166 |
| wifi камера | 25,000 | 19,092 | 5,908 | 24% | 13,000 | 6,092 |
| Лаптопови | 84,000 | 74,350 | 9,650 | 11% | 74,350 | 0 |
| Брошура | 25,000 | 26,300 | -1,300 | -5% | 20,696 | 5,604 |
| Вкупно за III | **263,500** | 372,828 | -109,328 | -41% | 203,722 | 169,106 |
| **ВКУПНО I + II + III** | **992,500** | 1,164,437 | -171,937 | -17% | 803,250 | 361,346 |

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.